Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НПМ) спроведе неколку ненајавени последователни и вонредни посети на Прифатниот центар за странци Гази Баба, на 05.08.2016, 12.08.2016, 16.08.2016, 25.08.2016, а како последна беше спроведена ***ненајавената последователна посета на 22.09.2016 година***.

Посетите на НПМ беа спроведени во рамките на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Овие посети следат по редовната посета која НПМ ја спроведе во Прифатниот центар за странци Гази Баба на 26.05.2016 година, за што изготви Посебен извештај со соодветни констатации и препораки кои беа доставени до Управата на Прифатниот центар за странци Гази Баба, Скопје и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

Целта на последователната посета е следење на спроведувањето на препораките од Посебниот извештај на НПМ од 26.05.2016 година и идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

При последователната посета на Прифатниот центар за странци Гази Баба, НПМ констатира дека во Центарот се сместени 29 лица, од кои 18 машки и 11 женски лица, од кои пак, 10 лица од Сирија, 16 лица од Иран, две од Авганистан и едно лице од Пакистан.

Од увидот во рамки на посетата, тимот на Националниот превентивен механизам констатираше состојба на делумно спроведени претходно дадени препораки.

Имено, од извршениот увид во персоналните досиеја на лицата задржани во центарот, тимот на Националниот превентивен механизам констатира дека и покрај веќе дадените препораки од Народниот правобранител содржани во доставениот Посебен извештај од 26.05.2016 година, Прифатниот центар се уште продолжува со праксата на задржување лица во Центарот врз основа на Решенија за привремено задржување на странец донесени од ненадлежен орган (Регионалниот центар за гранични работи Север на Министерството за внатрешни работи (РЦ за ГР Север на МВР).

Понатаму, од разговорите со задржаните лица во Центарот, НПМ утврди дека се уште не се почитуваат целосно правата на задржаните лица, загарантирани со правниот акт Правилник за куќниот ред на Прифатниот центар за странци.

Народниот правобранител апелира управата на Прифатниот центар за странци Гази Баба, итно да преземе одговорност за незаконитото задржување на лицата во Центарот и да запре праксата на задржување странци во Центарот врз основа на незаконити Решенија за задржување на странец заради утврдување идентитет, донесени од Регионалниот центар за гранични работи Север на Министерството за внатрешни работи.